РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3960/8
09.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.09.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Јанчески објасни дека поради технички причини, на седницата ќе биде вклучен преку аудио конекција односно без можност за видео пренос.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои дневен ред:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.09.2024 година.
2. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на локално ниво, на подрачјето на општина Неготино, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава.
3. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.
4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани.

5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот А1 Македонија од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
6. Информација во врска со одлука на Владата на РСМ за престанокот и давањето на времено користење на недвижни ствари на Министерството за спорт, со Предлог-Одлука и Предлог-Договор.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.09.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на локално ниво, на подрачјето на општина Неготино, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава. Објасни дека на официјалната електронска адреса на Агенцијата на 18.06.2024г., од страна на заинтересираната страна физичко лице од Неготино, беше доставено Барање за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, на подрачјето на град Неготино. Согласно Законот Агенцијата изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Неготино која е објавена на веб страницата на Агенцијата. Наодите од Студијата, покажаа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио и тоа дека: целна група на радиодифузерот треба да биде локалното население на подрачјето на Општина Неготино; јазикот на кој ќе се емитува говорниот дел од програмскиот сервис да биде македонски; најмалку 10% од вкупно емитуваната програма во текот на неделата да бидат говорни содржини; најмалку 70% од говорните содржини треба да бидат содржини кои се од специфично и релевантно значење или интерес за населението на локалното подрачје – важни сервисни информации, информации за случувањата во подрачјето, содржини што ќе обработуваат локални теми од областа на културата, спортот, економијата, екологијата и друго, и ќе овозможат вклученост и дебата на граѓаните. Имајќи предвид дека согласно Планот за доделување и користење на радиофрекфенциите се утврди дека има слободна радиофрекфенција за град Неготино, и согласно заклучоците од Студијата, се предлага Советот да го прифати предлогот.

Г-дин Фиданоски рече дека искрено се радува кога се носат вакви одлуки, бидејќи со нив се проширува медиумскиот пејзаж и се збогатува плурализмот. Верува дека многу скоро ќе следи и успешно реализиран јавен конкурс по кој ќе се добие нов локален

медиум во етерот на територија на општина Неготино. Се изјасни дека ќе даде поддршка за предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на локално ниво, на подрачјето на општина Неготино, наменет за локалното население на подрачјето на општина Неготино, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 91.7MHz, со Конкурсна документација и Пријава за учество за јавниот конкурс.

Најмалку 10% од вкупно емитуваната програма во текот на неделата треба да бидат говорни содржини, а најмалку 70% од говорните содржини треба да бидат содржини кои се од специфично и релевантно значење или интерес за населението на локалното подрачје - важни сервисни информации, информации за случувањата во подрачјето, содржини што ќе обработуваат локални теми од областа на културата, спортот, економијата, екологијата и друго, и ќе овозможат вклученост и дебата на граѓаните.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево. Објасни дека доставеното Известување за промена на сопственичка структура од страна на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура. Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ и се констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон.

Г-дин Ајдини му посака успех во работењето на новиот сопственик на оваа телевизија и изрази надеж дека ќе се надминат финансиските проблеми што ги имал радиодифузерот и во иднина ќе продолжи да работи успешно и професионално почитувајќи ги законските прописи.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ од Кичево, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ од Кичево, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани. Објасни дека согласно Законот, станува збор за последната фаза по одземање или враќање на дозволата, односно согласно член 85 став 1 алинеја 2 Дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на Закон, со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. Бидејќи се исполнети законските услови, се предлага Советот да го прифати предлогот.

Г-дин Фиданоски рече, колку што се радува за можноста за отворање на нов медиум на локално ниво како во една од претходните точки, толку го вознемирува моментот кога треба Советот да одлучува за затворање и бришење од регистарот на постоечки медиум. Наведе дека на јавната седница внимателно ја ислушал дискусијата на г-дин Ајтовски, со кого се колеги по професија (новинари) и рече дека потполно ги разбира неговите аргументи што ги изнесе како заеднички со сите вработени во медиумот, заради економската ситуација за што биле принудени на таков чекор. Жали за тоа и при тоа парафразира еден македонски револуционер – “Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај“, односно како што рече во оваа ситуација очигледно е дека немало можност да се продолжи со понатамошно функционирање. Во однос на новиот Правилник за минимални кадровски услови, по одлуката на Уставен суд, рече дека уште тогаш предупредувале дека со него се отвора вратата на затворање на повеќе помали локални и регионални медиуми, што почна и да се случува.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот А1 Македонија од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека датум на извршување на надзорот е 25 септември оваа година при што е

констатирано дека реемитува над 40 програмските сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација издадена од Агенцијата што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од таа причина се предлага да му се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3942/1 од 26.09.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на ден 25.09.2024 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „ТВ Шења“, „ТВ Вистел,“, „Nickelodeon“„Nick Jr“, „Nicktoons“, „Epic Drama“, „TV 1000“, „Klasik TV HR“, „Timeless Dizy Channel“, „Arena Sport 1“, „Arena Sport 2“, „Arena Sport 3“, „Arena Sport 4“, „Arena Sport 5“, „Arena Premium 1“, „Arena Premium 2“, „Arena Premium 3“, „Viasat Nature“, „Viasat Explorer“, „Viasat History“, „Museum“, „Luxe TV“, „Balkan Trip“, „RTS Svet“, „Agro TV“, „Arena Fight“, „Al Jazeera“, „a tv“, „TRT Turk“, „Toxic“, „Toxic Folk“, „Toxic Rap“, „MTV 00“, „MTV Europe“, „MTV Hits“, „MTV Life“, Nick Music“, „MTV 90“, „MTV 80“, „Club MTV“, „Bloomberg“ и „Duck TV“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со одлука на Владата на РСМ за престанокот и давањето на времено користење на недвижни ствари на Министерството за спорт, со Предлог-Одлука и Предлог-Договор. Објасни дека Советот на Агенцијата на Барање на Министерството за спорт на РСМ за давање на користење деловен простор на ограничен временски период, донесе Одлука со која се одобри на МС да го даде на времено користење, на ограничен рок од 5 (пет) години, без надомест, просторот со вкупна површина од 171 $м^2$, на 8-от кат од објектот Палата „Панко Брашнаров“ на кој Агенцијата има право на трајно користење, а по добиена согласност на Владата на РСМ. Во цитираната Одлука се утврди дека условите под кои ќе се даде

на времено користење просторот, ќе се уредат со склучување на договор меѓу Агенцијата и Министерството за спорт на РСМ, кој е условен договор и неговото потпишување ќе се смета за правно важечки и ќе предизвикува правни последици единствено по добиена согласност на Владата на РСМ. Во точка 2 на наведената Одлука, беше утврдено дека Агенцијата нема финансиски да учествува во инвестицијата за преадаптација на просторот во канцелариски простор, која во целост ќе ја изврши Министерството за спорт на РСМ, а по истекот на временото користење, дека Министерството за спорт на РСМ е должно да го предаде просторот во добра состојба на повторно трајно користење на Агенцијата, при што сите вложувања за адаптации или друг вид промени во просторот како инвестиција остануваат на располагање без надомест на Агенцијата. Владата на РСМ на седницата одржана на 17.09.2024г., донесе Одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари, согласно која на Агенцијата (како досегашен корисник) и престанува користењето на дел од недвижната ствар – деловни простории, во Палата „Панко Брашнаров", кат 8. Во Одлуката утврдено е дека примопредавањето на недвижните ствари, ќе се изврши помеѓу Агенцијата и Министерството за спорт на РСМ, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на одлуката. Одлуката влезе во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на РСМ, односно на 20.09.2024г. Согласно член 18 став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[1], Владата одлучува за престанок на користење на недвижни ствари во државна сопственост што ги користат државните органи, правните лица основани од државата, општините, општините во градот Скопје, градот Скопје, здруженија на граѓани и фондации. Оттука на 26.09.2024г., Министерството за спорт на РСМ ја извести Агенцијата за ставот на Министерството дека е потребно да се склучи договор за регулирање на меѓусебните односи единствено со утврдување на нов сооднос на заедничките режиски трошоци согласно квадратурата која ќе ја користи секоја институција. Следствено на наведеното, се одлучи во Одлуката на Советот на Агенцијата да се измени делот во точката 1, во кој беше утврдено дека се одобрува Агенцијата да го даде на времено користење делот од предметната недвижност по добиена согласност на Владата на РСМ, така што се одлучи дека истото се одобрува врз основа на Одлуката на Владата на РСМ за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерството за спорт на РСМ. Исто така, точката 2 во која беше утврдено дека Агенцијата нема финансиски да учествува во инвестицијата за пренамена на просторот, се одлучи да се избрише, а точката 3 - во делот во кој беше утврдено дека договорот за регулирање на односите за времено користење на просторот е условен и дека истиот ќе се смета за правно важечки по добиена согласност од Владата на РСМ, се одлучи да се измени така што се утврди дека Агенцијата и Министерството за спорт на РСМ ќе склучат договор за регулирање на заемните односи и деловно – техничката соработка. Во останатиот дел Одлуката арх.бр.02-3260/1 од 24.07.2024г. не се менува.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за изменување на Одлуката на Советот на Агенцијата бр.02-3260/1 од 24.07.2024г. и му даде одобрување на Директорот на Агенцијата да го потпише Договорот за уредување на заемни односи и деловно - техничка соработка, усогласен по забелешките на Агенцијата.

---

[1] („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21),

Агенцијата до Министерството за спорт на РСМ да ги достави Одлуката и потпишаните/заверени примероци од Договорот.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги. Објасни дека за нејзино започнување и спроведување исполнети се сите законските услови. Таа е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за оваа година. Договорот ќе се склучи за период од 1 година а како критериум за избор ќе биде најниска понудена цена. Објасни дека сите други податоци се содржани во материјалите по точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот**

**Селвер АЈДИНИ**